# Упатство за домашните и семинарски работи

## 1. ОСНОВНО ЗА НАЧИНОТ НА УЧЕЊЕ И РАБОТА

Ова е ***Task solving based learning*** (*Учење низ совладување задачи*), при што како поважен сегмент на ваквиот пристап е решавање задача и креирање соответна проектна документација. Работата се одвива во неколку фази:
- секој добива конкретна и типична задача
- прикажаните техники за пристап до информациите се општи (*general)* и се применливи на било каква тема, т.е. тие се генерички (*generic)* и кога ќе се совладаат ќе бидат од несомнена важност низ целата идна кариера
- се прави семинарска работа на темата со пребарување на основен материјал и концепирање во пишан труд (hard copy и во електронска верзија со сите пребарани материјали)
- врз основа на семинарската работа се прави презентација. Траење на презентацијата е 10 мин. Цел на презентацијата е конкурентска предност при демонстрирање на знаењето дадено во семинарската работа.

## 2. ЗАДАЧА

Основна задача на овој начин на учење и работа е **да се најдат *информации / материјали и изработи оригинален пристап*** за соответна тема (на пример: „Комуникациски вештини на проектниот менаџер“) и подготви есеј во вид на семинарска работа.

## 3. СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕБАРУВАЊЕ

Без оглед на обработуваната и истражувана задача, или користената алатка за пребарување, развојот на ефикасна стратегија за пребарување е од суштинско значење.
Почнете со поставување на следните прашања на вас самите:
* Кои се клучни поими или концепти на темата ?
* Знам ли што тоа значи ?
* Дали го разбирам насловот/темата ?
* Каде ќе почнам со барање на податоци ?

Така, без оглед какви бази ќе пребарувате (библиотечен фонд, интернет, часописи и сл.), неопходно е ***прво*** да ги напишете клучните зборови или концепти - ***Key words, key concepts*** ! Оваа листа на клучни зборови не е конечна и ќе се надополнува како ќе навлегувате во материјата...
1. Составете ја листата на клучни зборови !
Референтините книги и трудови за тоа ги вклучуваат: речниците, енциклопедиите, годишни зборници, индекси... Мора да погледнете во некоја основна референца за да проверите дали навистина сте ја разбрале темата.
2. Запишете го насловот на книгата или трудот и основните податоци !

3. Напишете еден **нов термин**, факт или податок/link што сте го научиле од книгата за вашата тема. Ако најдете нов релевантен клучен збор - додајте го на ***Kew words list***.

БИБЛИОТЕКИ
Запознајте се со концепцијата на **можноста за пребарување** во библиотеката на Факултетот (Универзитетот...) и расположливите каталози во нив.

**Техники на пребарување**
Пребарување може да е по ЗБОР (**Word)** или по НАСЛОВ-ПРОБЛЕМАТИКА (**Subject Headings**) во насловот. Но, внимавајте последното дава порелевантни влезови во пребарувањето. Исто ефикасно е и со СЕТ ОД БУКВИ (***Truncation***) со кои започнуваат бараните зборови. На пример ***gener**** - ќе ги посочи зборовите ***generate, generating, generation*** и сл.
Така, за терминот X ќе добиете неколку резултати (***Subject headings***) од пребарувањето, а овие пак содржат поднаслови - кои пак ве насочуваат кон специфична книга, речник, енциклопедиа и сл. Понекогаш, за некој термин ќе добиете голем број на резултати, кои секако треба да се редуцираат за да се прегледаат. Така може со ***Limit functions*** да се ограничи пребарувањето со вклучување на годината од која треба да почне пребарувањето или со типот на документот (видео, текст, журнал,...).

Друг начин е по автори. На пример знаете дека тој и тој се бави со тоа и можеби има нешто за вашата тема. Тоа е АВТОР/ НАСЛОВ (***Author/Title***) пребарување.
Често може да се случи да на некои зборови нема резултат. На пример: со внес на „департмент" нема да добиете ништо, но ако ставите *Dept* ќе имате полн одзив.

**Пребарување на ЧАСОПИСИ**
Часописите се пребаруваат со термините: ***serials, journals*** или пак ***magazine*** или ***periodicals***. Тие често се јавуваат со кратенки па добро е да се знае што тие кратенки значат. Кои часописи ви се на располагање во hard-copy, а кои можеби можат да ви послужат?
**Пребарување ТРУДОВИ во часописи**
Најефикасен начин е преку индекси и абстракти (***Journal Indexes and Abstracting Services***).

**КОРИСТЕЊЕ ИНТЕРНЕТ**
Постојат два главни начини за пребарување преку Интернет: ***Subject Directories*** или ***Search Engines***. Но, треба да се внимава и изврши проценка на информациите од Интернет и нивна критичка евалуација.

**4. ПИШУВАЊЕ РЕФЕРЕНЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ**

Пишување референции за проектот во однос на користените материјали е една од најважните работи во било кој есеј кој ќе го напишете и предадете за преглед.

Постојат две причини за тоа:
а) **Да се верификуваат информациите** презентирани во есејот. Тоа му овозможува на читателот да го следи изворот на идеите, интерпретациите, сфаќањата и текот на информациите кои сте ги презентирале.

б) Д**а се даде кредит** таму каде е тоа потребно. Во академски есеј е потребно да се даде кредит таму каде треба особено кога се цитираат некои резултати, факти и кога ќе ги пишувате заклучоците.
Но, кога се пишува референцата? Во академски есеј/труд неопходно е да се напише референцата секогаш кога:
- (***quoting)*** секогаш кога се цитираат други автори,
- (***paraphrasing*)** приближно се сумира некој дел од друг автор и
- **(*idea, concept*)** користење идеја или материјал која е директно поврзана со работата на друг автор.

Така, треба да ги идентификувате и спомнете вашите извори секогаш кога ќе се користат во вашиот есеј. Тоа се: references, citations или acknowledgements. Одбивањето да се спомнат референците за идејата води до можен *плагијат*. Референциите треба да се пишуваат во **стандрден формат** или **стил**. Така познати се стиловите Harvard Style (author-date style), Ahicago Style, APA,...

На пример: Во последната студија (Jones 1999, стр. 90)..... Но, ако нема автори, може да се цитира делумно насловот (Study Commettee 2000).

**Библиографија**
Како и секој академски есеј, треба да дадете користена литература или листа на референции (книги, трудови од конференции, во часописи и сл.).

**(трудови од конференции)**

Fustik, V. 2003. The Benefits and Experience of Students Exchange Between University of Skopje and University of Rostock, Advances in Control Education ‘03. *International Federation of Automatic Control*. Oulu, Finland.

**(интернет извори)**
Grey, F. 2001. Operational Health and Safety, New Task Force, <http://www.ieee.org/>,
19. January 2009.

* * *